УНИ Банка
Твојата Банка

Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и Одлуката за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда (Прва емисија на перпетуални обврзници) бр.0201/6-2 на 11.01.2019 година, Собранието на акционери, на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува исплата на камата по каматна стапка од 9% на годишно ниво на имателите на перпетуални обврзници со ИСИН бр.MKBLBA200011, Прва емисија на перпетуални обврзници, сметано од датумот на последната исплата на полугодишна камата, односно од 22.01.2020 година, вклучително и 22.01.2020 година.

Износот на камата која се плаќа се пресметува врз основа на конвенција ACT/ACT (ICMA) (реален број на денови во периодот поделен со реалниот број на денови во годината).

Пресметаната камата да се исплати на трансакциска сметка на секој од имателите на обврзниците полугодишно и тоа на ден 22.07.2020 година и на ден 22.01.2021 година. Ако утврдениот ден за исплата на каматата е неработен ден, тогаш истата ќе се исплати на првиот работен ден што следува.

Каматата се исплаќа од добивката која е расположлива за распределба, при што плаќањето се врши и ако добивката не е ревидирана од овластен ревизор.

Каматата се пресметува во евра, а се исплаќа во денари по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето.

На денот на исплата на каматата, Банката од бруто износот на каматата ќе ги одземе и ќе ги плати сите даноци согласно постоечката законска регулатива во РСМ.

2. Да се известат имателите на обврзниците за денот и начинот на исплата на каматата согласно точка 1 од оваа одлука.

3. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа одлука доколку е потребно за успешно спроведување на истата.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр. 0201/6-7/2020
12.06.2020 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ